09/04/2010
Забелешките се отстранети

## УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**MOXILEN 250 mg и 500 mg капсули**
**( амоксицилин трихидрат )**

**Производител:**
**Medochemie Ltd, P.**
1-10 Constantinoupoleos, P.O. Box 51409,
Limassol, CY-3505, Cyprus

**Застапник :**
**Септима дооел**
Лондонска 19
Скопје, Р.Македонија

Република Македонија Министерство за здравство Скопје

**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**

**MOXILEN 250 mg и 500 mg КАПСУЛИ**
**{амоксицилин трихидрат}**

**Пред употреба внимателно прочитајте го ова упатство !**

- Сочувајте го упатството. Можеби ќе посакате повторно да го прочитате.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се на Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан лично на Вас и не смеете да го давате на друг. На другиот, овој лек може да му наштети дури иако има знаци на болеста слична на Вашата.
- Доколку некои од несаканите дејства стане сериозно или забележите несакани дејства кои не се опфатени во ова упатство, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

**Содржина на ова упатство**


1. Што е лекот MOXILEN и за што се употребува
2. Пред да земете MOXILEN
3. Како да го употребувате MOXILEN
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува MOXILEN
6. Додатни информации


## 1. ШТО Е ЛЕКОТ MOXILEN И КОЈА Е НЕГОВАТА НАМЕНА?

Амоксицилин трихидрат и припаѓа на групата лекови позната како пеницилински антибиотици. Се употребува за третман на бактериски инфекции вклучувајќи и интра-абдоминални инфекции, инфекции на коски и зглобови, белодробни инфекции, гастроентеритис (цревни инфекции), гонореа (сексуално пренослива инфекција), инфекции на уста, синусит, инфекции на уво, тифус, инфекции на уринарниот тракт, гинеколошки инфекции и за третман на гастричен улкус. Исто така се користи и за заштита од инфекции на срцевите валвули по извршена дентална интервенција и други операции поради ризикот од присуство на бактерии во крвотокот.

## 2. ШТО МОРАТЕ ДА ПРОЧИТАТЕ ПРЕД УПОТРЕБАТА НА ЛЕКОТ?

**Кога не смеете да го земате овој лек?**

- Доколку сте алергични (пречуствителни) на амоксицилин, пеницилини или на некои од состојките кои ги содржи MOXILEN.
- Доколку сте алергични (пречуствителни) на други антибиотици, наречени бета-лактамски антибиотици.

**Предупредувања и мерки на внимателност**

Пред употреба на овој лек, проверете дали Вашиот лекар или фармацевт знае:

- дали боледувате од пореметување на крвниот систем;
- дали имате проблеми со бубрезите;
- дали имате мононуклеоза;
- дали некогаш сте имале алергиска реакција на овој или било кој друг лек или на некоја од состојките на MOXILEN.

**Земање заедно со други лекови**

Ве молиме, известете го Вашиот лекар доколку земате или неодамна сте земале некој лек, вклучително и оние лекови кои не се издаваат на лекарски рецепт.

Особено е важно да му кажете на Вашиот лекар доколку користите:

- Било кој друг антибиотик од типот на аминогликозни антибиотици;
- Лекот наречен алопуринол, кој служи за превенција од гихт;
- Лек кој се користи за третирање на неопластично заболување со име метотраксат;
- Лекови за разредување на крвта, наречени орални антикоагуланти;
- Пробенецид, лек кој се користи за третирање на гихт.

**Важно:** Оралните контрацептивни средства може да имаат помала ефикасност кога се користат истовремено со амоксицилин. За да се спречи несакана бременост, во периодот додека трае терапијата со амоксицилин и најмалку 7 дена по завршување на третманот, треба да се користи бариерна метода на контрацепција, како што е кондомот.

**Примена при бременост и доење**

Пред да почнете да го земате MOXILEN или било кој друг лек, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

Доколку доите , за ова треба да разговарате со Вашиот лекар. Амоксицилинот се излачува во мајчиното млеко во мали количества кои можат да имаат одредено влијание врз доенчето.

**Влијание на лекот на психофизичките способности при управување со моторни возила и машини**

Нема индикации дека MOXILEN може да ја намали способноста за управување со моторно возило или за користење на машини.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА MOXILEN

Секогаш земајте го MOXILEN точно според упатствата на Вашиот лекар. Доколку за нешто не сте сигурни, консултирате се со Вашиот лекар или фармацевт. Секогаш прочитајте го печатеното упатство, доколку е можно, пред отпочнувањето на треманот.

MOXILEN капсулите се прикладни за употреба како кај возрасните така и кај деца над 10 годишна возраст, но кај малите деца, суспензијата е полесна за голтање и дозата може да се прилагодува.

MOXILEN е достапен и во вид на сув прашок за суспензија за перорална употреба. MOXILEN капсулите мора да се пијат цели, со чаша вода.
Бројот на капсулите што ќе ги земате и колку често ќе ги земате зависи од што сте третирани и колку е сериозна инфекцијата. Кај децата ова зависи и од нивната телесна маса. Лекарот може да Ви објасни од што сте третирани Вие или Вашето дете и зошто е селектирана соодветната доза.
Дозите се дадени генерално, лекарот понекогаш препишува различни дози и Вие треба да ги следите инструкциите од Вашиот лекар.
Вообичаената доза кај возрасните и децата над десет години е 250 мг три пати дневно. За потешки инфекции, може да се препише 500 мг три пати на ден. Третманот вообичаено трае 7-10 дена, но може да трае и подолго.
Луѓето кои се подложуваат на операции во болница ќе добијат MOXILEN преку инјекција пред нивниот третман а потоа ќе добијат доза од 500 мг шест часа подоцна, орално или преку инјекција.
Децата под 10 години земаат половина од дозата за возрасни.
Максималната доза е 6 г дневно дадена во пооделни дози.
Дозите кај пациентите со нарушена функција на бубрезите можат да бидат помали.
Доколку имате чувство дека ефектот од MOXILEN-от е премногу јак или премногу слаб, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

**Доколку земете повеќе MOXILEN од потребното**

Никогаш не земајте повеќе од препишаната доза. Доколку се сомневате дека Вие или некој друг земал поголема доза на амоксицилин, контактирајте го Вашиот лекар или веднаш отидете до одделението за итна медицинска помош во локалната болница. Секогаш понесете го и кутивчето со себе, ако е тоа можно, дури и кога е празно.

**Доколку сте заборавиле да земете MOXILEN**

Доколку сте заборавиле да земете капсула, земете една веднаш штом се сетите. Не земајте повеќе од лекот во денот отколку што Ви рекол лекарот. Не земајте две дози во исто време или во текот на еден час.

**Доколку престанете да земате MOXILEN**

Земајте го лекот во редовните термини и завршете го целосно третманот. Важно е да го завршите третманот целосно, дури и кога чувствувате дека инфекцијата се повлекла, за да спречите таа повторно да се врати.
Доколку имате понатамошни прашања во врска со користењето на овој производ, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и другите лекови, MOXILEN може понекогаш да даде несакани дејства и покрај тоа што кај сите пациенти не се јавуваат.
Најчестите несакани дејства на MOXILEN вклучуваат:

- наузеа (чувство на гадење)
- пролив
- црвенило на кожа.

Забележани се и следните несакани дејства на MOXILEN со помала зачестеност:

- Алергиска реакција на кожата со јадеж пр.осип или црвенило како опечување од коприва. Ако почувствувате јадеж или црвенило, прекинете со земање на MOXILEN и веднаш соопштете му на лекарот.
- Повраќање

Многу ретко прикажаните несакани дејства вклучуваат:

- Преосетливост или потешка алергиска реакција која вклучува оток на лицето или проблеми со дишењето.

Ако забележите некој од овие симптоми кажете му на Вашиот лекар и прекинете со земање на MOXILEN

- Габична инфекција на вагина, уста или кожните набори. Лекарот или фармацевтот ќе ве посоветува за третманот
- Промена на бојата на забите. Бојата честопати се враќа на нормалната со четкање.
- Воспаление на бубрезите
- Зголемени движења на телото (хиперкинезиа), вртоглавица или конвулзии.
- Намалување (реверзибилно) на бројот на крвни клетки вклучувајќи анемија (намалување на црвени крвни клетки или хемоглобин што може да се одликува со чувство на слабост и дезориентираност) или зголемување на времето на згрутчување на крвта. Известете го лекарот дека земате MOXILEN ако правите крвни тестови.

Веднаш одете на лекар ако Ви се појави некој од овие ретки несакани дејства:

- Тешка дијареа со крварење
- Ако забележите дека урината ви станува потемна , а изметот поблед.
- Жолтеење на кожата и промена на бојата на вашите заби.
- Конвулзии
- Тешкотија или нелагодност при мокрење или заматена урина.

Известете го вашиот лекар дека земате MOXILEN во случај да правите тестови на урината бидејќи MOXILEN може да влијае на резултатите.

Не се грижете за можните дејства напишани на списокот, бидејќи можете да немате ниту еден од нив.

Ако некој од овие несакани ефекти стане сериозен, или ако забележите појава на несакано дејство што не е горе наведено , известете го својот лекар или фармацевт.

## 5. КАКО ТРЕБА ДА СЕ ЧУВА MOXILEN

Да се чува на места недостапни за деца.

Да се чува на температура под 25 °C.

Да се чува во оргиналното пакување.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Да се чува на суво место заштитено од светлина.

Да не се употребува по истекот на рокот на употреба.
Лековите не треба да се фрлаат преку отпадните води или преку домашните отпадоци. Прашајте го вашиот фармацевт како да ги фрлите лековите кои не ви се потребни. Овие мерки ќе ви помогнат во заштитата на околината.

## 6. ПОНАТАМОШНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи MOXILEN**

Активната супстанца е амоксицилин (amoxicillin) како амоксицилин трихидрат.
Другите составни супстанци се:
MOXILEN капсули 250 мг содржи магнесиум стеарат. Обвивката на капсулата содржи желатин, еритрозин (E127), црвен железен оксид (E172), црн железен оксид (E172), и титаниум диоксид (E171).
MOXILEN капсули од 500 мг содржат магнесиум стеарат. Обвивката на капсулата содржи желатин, еритрозин (E127), кармозин (E122), плав брилиант (E133) и титаниум диоксид (E171).

**Kako MOXILEN изгледа и содржина на пакувањето**

MOXILEN 250 мг и 500 мг капсули се пакувани во фолија поливинилхлорид, филм-алуминиумски блистери. Блистерите, со упатството се во пакувањето - картонски кутии. Тие содржат 16 и 100 капсули.

**Производител**
Medochemie Ltd.,
1-10 Constantinoupoleos, P. O. Box.51409,
Limassol, CY-3505, Cyprus

**Застапник**
Септима дооел
Лондонска 19
Скопје, Р.Македонија

За сите дополнителни информации во врска со овој лек или ако сакате да дознаете повеќе, или имате некои прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.